# Службен гласник

## на Општина Струмица


| Број 13 | Понеделник, 04 јуни 2012 год. |
| --- | --- |

*www.strumica.gov.mk*


**С о д р ж и н а**


**Градоначалник на општина Струмица:** Стр.

**225.** **Одлука** за организирање на јавна анкета по Нацрт - Деталниот урбанистички план за градежна парцела на КП бр. 1000 КО Струмица, блок 18 (блок 33 по ГУП), Општина Струмица 2012 – 2017 ............................ 3

**226.** **Одлука** за организирање на јавна презентација по Нацрт - Деталниот урбанистички план за градежна парцела на КП бр. 1000 КО Струмица, блок 18 ( блок 33 по ГУП), Општина Струмица 2012 – 2017 ....................... 3

Стр.

**227.** **Решение** за именување на Комисија за спроведување на јавната презентација и јавната анкета по Нацрт - Деталниот урбанистички план за градежна парцела на КП бр. 1000 КО Струмица, блок 18 (блок 33 по ГУП), Општина Струмица 2012 – 2017 .............................. 4

**225.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст (“Службен весник на Република Македонија “ број 60/11 ) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Службен гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање на јавна анкета по Нацрт – Деталниот урбанистички план за градежна парцела на КП бр. 1000 КО Струмица, блок 18 ( блок 33 по ГУП), Општина Струмица 2012 - 2017**

1. Се организира јавна анкета по Нацрт - Деталниот урбанистички план за градежна парцела на КП бр. 1000 КО Струмица,блок 18 (блок 33 по ГУП), Општина Струмица 2012 – 2017 со површина од 136.6 м$^2$ и граничен опфат:

- Од североисток со КП бр. 1001;

- Од југоисток со ул. „Народен фронт“

- Од југозапад и северозапад со КП бр. 999

2. Одлуката за организирање јавната анкета ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, Секторот за уранизам и комунални работи, ВЕБ страницата на Општина Струмица, „Службен гласник на општина Струмица” и средствата за јавно информирање.

3. Јавната анкета ќе трае 5 работни денови од објавувањето на Одлуката.

4. Нацрт - Деталниот урбанистички план за градежна парцела на КП бр.1000 КО Струмица, блок 18 ( блок 33 по ГУП), Општина Струмица 2012 – 2017 со површина од 136.6 м$^2$ , ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул. ”Ленинова” во соба број 3.

5. Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

6. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Струмица”.

Бр.08-4140/3 Градоначалник
04.06.2012 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..........................................

**226.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – пречистен текст ("Службен весник на Република Македонија" број 60/11) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање на јавна презентација по Нацрт – Деталниот урбанистички план за градежна парцела на КП бр.1000 КО Струмица, блок 18 (блок 33 по ГУП), Општина Струмица 2012 – 2017**

1. Се организира јавна презентација по Нацрт - Деталниот урбанистички план за градежна парцела на КП бр.1000 КО Струмица,блок 18 ( блок 33 по ГУП), Општина Струмица 2012 – 2017 со површина од 136.6 м$^2$ и граничен опфат:

- Од североисток со КП бр. 1001;

- Од југоисток со ул. „Народен фронт“

- Од југозапад и северозапад со КП бр. 999

2. Одлуката за организирање јавната презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, Секторот за уранизам и комунални работи, ВЕБ страницата на Општина Струмица, „Службен гласник на општина Струмица" и средствата за јавно информирање.

3. Нацрт - Деталниот урбанистички план за градежна парцела на КП бр.1000 КО Струмица, блок 18 ( блок 33 по ГУП), Општина Струмица 2012 – 2017 ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул. "Ленинова" во соба број 3.

4. авната презентација ќе се одржи на ден 12.06.2012 година во 12,00 часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул."Ленинова" во соба број 3.

5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-4140/4 Градоначалник
04.06.2012 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

**227.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” број 60/11) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Службен гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за именување на Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација по Нацрт - Деталниот урбанистички план за градежна парцела на КП 1000 КО Струмица,блок 18 ( блок 33 по ГУП), Општина Струмица 2012 – 2017**

1. За членови во Комисијата за спроведување на јавната анкета и јавната презентација по Нацрт - Деталниот урбанистички план за градежна парцела на КП бр.1000 КО Струмица,блок 18 ( блок 33 по ГУП), Општина Струмица 2012 – 2017 со површина од 136.6 м$^2$, ги именувам:

- Стојан Динев – Раководител на Секторот за урбанизам и комунални работи;

- Томе Тимов – претставник на изготвувачот на планот;

- Александар Цицимов – дипломиран архитект, надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе јавната анкета во рок од 5 работни дена од денот на објавувањето на Одлуката за организирање јавна анкета а јавната презентација на ден 12.06.2012 година во 12,00 часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул. „Ленинова” во соба број 3 .

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-4140/5 Градоначалник
04.06.2012 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.